**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 19-07-2022

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 2863 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 јули 2022 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 јули 2022 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 јули 2022 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Трговските радиодифузни друштва кои*

*емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а се обврзани и најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот*).

Со надзорот е констатирано дека на 4 јули 2022 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуваше 6 часа 27 минути и 45 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **27.04%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 54 минути и 13 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 4 јули што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:54:13), е 7 часа 10 минути и 15 секунди. Телевизија Шутел емитуваше за 42 минути и 30 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 4 јули 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***